FOUNDATION OPEN SOCIETY INSTITUTE MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ИНСТИТУТ ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

# Подобрување на имплементацијата и примената на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, на Законот за безбедност на клацифицирани информации и на Законот за заштита на личните податоци

**Дирекција за безбедност на класифицирани информации**

**Лидија Костовска, в.д.директор**

**Скопје, 30 мај 2007**

# ИСТОРИЈАТ

1996 г. - Безбедносна спогодба за заштита и размена на класифицирани информации меѓу Република Македонија и НАТО

1996 г. - Служба за реципрочна безбедност во рамките на Министерството за одбрана (Решение на министерот донесено согласно заклучок на Владата на Р. Македонија)

2002 г. - Национален безбедносен авторитет на Р.Македонија во НАТО контекст - Посебна служба на Владата на Република Македонија со својство на правно лице(Одлука на Владата на Р.Македонија)

2004 г. - Дирекција за безбедност на класифицирани информации (ДБКИ) - самостоен орган на државна управа со својство на правно лице (Закон за класифицирани информации)

# ЗАКОНСКА РАМКА

**2004 г. - Закон за класифицирани информации**

**- Уредба за административна безбедност на класифицирани информации**

**- Уредба за физичка безбедност на класифицирани информации**

**- Уредба за безбедност на лица корисници на класифицирани информации**

**2005 г. - Уредба за информатичка безбедност на класифицирани информации**

**- Уредба за индустриска безбедност на класифицирани информации**

**Меѓународни прописи:**

**- НАТО безбедносна политика ЦМ-(2002)49 и 50 и директиви во состав**

**- Одлука на Советот на ЕУ 2001-264-ES и амандмани од 20.12.2005 г.**

2007
Фондација Институт отворено општество – Македонија

# БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ

- Безбедносна организација
- Административна безбедност
- Физичка безбедност
- Безбедност на лица корисници на класифицирани информации
- Информатичка безбедност
- Индустриска безбедност

# БЕЗБЕДНОСНА ОРГАНИЗАЦИЈА-ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА

- Определување организациони единици за работа со класифицирани информации (деловодства/регистри/контролни точки)
- Утврдување работни места на кои ќе се ракува со класифицирани информации
- Определување овластено лице за ефикасно и координирано извршување на правата и обврските Што се однесуваат на класифицирани информации (член 61 став 3 од ЗКИ)
- Кадровско пополнување на работните места на кои ќе се ракува со класифицирани информации
- Запознавање на вработените со прописите за заштита на класифицираните информации
- Изработка на интерни акти за постапување со класифицирани информации во итни случаи

2007
Фондација Институт отворено општество – Македонија

# АДМИНИСТРАТИВНА БЕЗБЕДНОСТ-ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА

- Утврдување на степенот и обележување на класифицираната информација

- Евиденција, репродукција, распоредување, распространување, контрола, чување и уништување на класифицираната информација

- Пренос на класифицирана информација

- Спречување откривање на тајноста на класифицираната информација

Фондација Институт отворено општество – Македонија 2007

# ФИЗИЧКА БЕЗБЕДНОСТ - ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА

- Процена за можно нарушување на безбедноста на класифицираната информација со насилен упад или неовластен пристап, употреба и уништување
- Определување безбедносен појас околу објектот и безбедносни и административни зони во објектот
- Организирање физичко обезбедување, примена на технички и други средства за обезбедување објекти и простории со класифицирани информации
- Контрола на влез, движење и излез на лица и возила за пренос на класифицирани информации

# БЕЗБЕДНОСТ НА ЛИЦА КОРИСНИЦИ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ-ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА

- **Определување лица корисници на класифицирана информација**
- **Определување лица за работа и постапување со класифицирани информации**
- **Отпочнување постапка за добивање безбедносен сертификат**
- **Запознавање на лицата за работа и постапување и на корисниците на класифицирани информации со безбедносните стандарди и процедури**
- **Барања за издавање дозвола за пристап до класифицирани информации**

# ИНДУСТРИСКА БЕЗБЕДНОСТ - ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА

- Барање за издавање безбедносен сертификат за правни и за физички лица кои произведуваат, употребуваат или имаат контакт со класифицирани информации
- Изработка на безбедносни правила и процедури при склучување и извршување класифицирани договори
- Заштита од губење или откривање на тајноста на класифицираните информации содржани во индустриски договори или во мешовити трговски друштва
- Воспоставување процедури за посета на физички и на правни лица од други земји на објекти и на индустриски друштва во коишто се произведуваат, се ракуваат и се чуваат класифицирани информации

Фондација Институт отворено општество – Македонија 2007

# ПОДОБРУВАЊЕ НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА ЗКИ

Фондација Институт отворено општество – Македонија 2007

- **Ревизија на класифицираните информации чиј изготвувач е органот/институцијата** **(разгледување и оценување на потребата од натамошно задржување на класификација; рокови; престанок; чл.20)**

- **Правилно утврдување на степенот на заштитата на информацијата(врз основа на содржината и евентуалната штета на интересите на РМ - трајни, витални, важни)**

- **Преземање мерки и активности за заштита на информациите (согласно степенот на класификација, обемот и формата на информациите и процената за заканите по нивната безбедност; сите безбедносни мерки)**

# ПОДОБРУВАЊЕ НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА ЗКИ - продолжение

- **Преземање мерки и активности за контрола врз спроведувањето на безбедносните стандарди и процедури (ДБКИ-консултации, соработка, координација, контрола)**
- **Преземање мерки и активности во случаи на прекршување на безбедноста на класифицираните информации (пропишување процедури; определување лица за постапување во такви случаи; информирање на ДБКИ)**
- **Измена на одредбите од член 70 до член 76 од Законот за класифицирани информации (во процедура)**

# ПОДОБРУВАЊЕ НА ПРИМЕНАТА НА ЗКИ

- Обука на корисниците на класифицирани информации, како и на заинтересираните органи, институции, организации и поединци за правилна примена на ЗКИ, на подзаконските акти и на другите меѓународни прописи
- Кадровско пополнување и професионализација на работните места на лицата кои работат со класифицирани информации во регистрите/ контролните точки
- Кревање на нивото на безбедносната култура во Република Македонија